Врз основа на член 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

# КОНКУРС
## за финансирање проекти од областа на културата за 2024 година

**I**

За остварување на јавните потреби од областа на културата, Градоначалникот на општина Гевгелија распишува Конкурс за финансирање проекти од областа на културата за 2024 година, кои ќе придонесат за развој, промоција и афирмација на културата во општина Гевгелија.

Културните дејности, манифестациите и финансиските средства за нивна реализација се утврдуваат со Годишна програма и со Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година.

**II**

На Конкурсот имаат право да учествуваат физички и правни лица: уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата со седиште во општина Гевгелија, здруженија на граѓани, трговски друштва, трговци поединци и други правни лиза, регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од областа на културата, согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

Поднесените пријави од физичките и правни лица што не доставиле Наративен и Финансов извештај за реализација на активности од Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2023 година, нема да бидат разгледани.

**III**

Општина Гевгелија ќе учествува во финансирање проекти и активности од следните дејности:

- музичка и музичко - сценска дејност;
- манифестации и фестивали од областа на културата;
- театар;
- ликовна уметност;
- визуелни уметности;
- видео, фото, филмска уметност;
- интердисциплинарни проекти;
- литература;
- фолклор;
- нови уметности.

**IV**

Апликантите, покрај пријавата, задолжително треба да ги доставаат следните документи-

**За правни лица:**

- Тековна состојба, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија (освен јавни установи основани од општина Гевгелија) не постара од 6 месеца;
- Изјава или договор со сите учесници во проектот;
- За проекти од областа на издаваштвото, рецензија потпишана од рецензентот која треба да се однесува на содржината на проектот. За дебитантските книги се потребни 2 рецензии;
- Потврда за отворена и активна трансакциска сметка;
- Портфолио на право лице;
- Биографии од учесниците во проектот;
- Други документи (покани за учество на фестивал, препораки, меморандуми за соработка и сл.).

**За физички лица:**
- Изјава или договор со сите учесници во проектот;
- Биографија од носителот на проектот;
- Биографии од учесниците во проектот;
- За проекти од областа на издаваштвото, верзија од ракописот во електронска форма (претконечна верзија на ракописот), освен за превод на дела, оставина и слично, од кои треба да се приложат 10 страници);
- Рецензија потпишана од рецензентот која треба да се однесува на содржината на проектот. За дебитантските книги се потребни 2 рецензии (за проект од областа на литературната дејност);
- Други документи (покани за учество на фестивал, препораки, меморандуми за соработка и сл.);
- Копија од лична карта на носителот на проектот;
- Потврда за отворена и активна жиро-сметка.

**V**

Доставените проекти ќе се оценуваат според следниве критериуми:

- Опис на Проектот / активноста (меѓународни учесници/домашни учесници, учество на светски афирмирани уметници и ансамбли, со можност за остварување соработка со релевантни образовни и културни институции преку организирање предавања, семинари и работилници, програмски континуитет, атрактивност, видливост,
иновативност, стимулирање и промовирање на домашни, меѓународни и интеркултурнивмрежувања, соработка, партнерски проекти, поттикнување учество на домашни автори и уметници) - максимум 30 бода;

- Биографија или профил на апликантот (реализирани проекти и минато искуство - признанија, награди, позитивни критики и друго) - максимум 30 бода;
- Релевантност на проектот и степенот на влијание врз квалитетот на културниот живот на општина Гевгелија - максимум 20 бода;
- Финансиски план (буџет) - активностите имаат реални проекции кои се соодветно изразени во буџетот – максимум 20 бода;
- Бараните податоци да бидат разделени по пол.

Висината на износот со кој финансиски ќе бидат поддржани прифатените проекти, ќе се одреди врз основа на извршеното бодување и комплексноста на предлог-проектот
(апликацијата).

**VI**

Пријавите (апликациите) задолжително се преземаат од официјалната веб-страница на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk. Пријавите со потребните документи треба да се достават до Општина Гевгелија преку пошта, на адреса: ул. „Димитар Влахов“ бр.4, Гевгелија или во Архивата на Општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот, на последниот ден од завршувањето на Конкурсот, со назнака **„Конкурс за финансирање проекти од областа на културата за 2024 година“.**

Апликантите **задолжително** да ги достават пријавите и по електронски пат (Word форма) на следнава e-mail адреса: petarjancev@yahoo.com.

**VII**

Конкурсот ќе трае **од 24.10.2023 година до 15.11.2023 година.**

Нема да бидат разгледани следните пријави: доставени по истекот на рокот, пополнети на несоодветен образец и со непотполни податоци и без документација која задолжително се бара.

**VIII**

Резултатите од Конкурсот ќе бидат објавени во вид на Програма за финансирање проекти од областа на културата за 2024 година која ја носи Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавена во Службен гласник и веб-страницата на Општината.

Дополнителни информации можат да се добијат на:

- тел.: 071/207-199, Љубица Карајанова;
- тел.: 075/219-453, Петар Б. Јанчев.

Градоначалник
на општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов**
с.р.

бр. 08-1658/1
19.10.2023 год.
Гевгелија

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala) ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk